**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-351/1 од 21.1.2025 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Педесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **28.1.2025 година (вторник) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2025 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2024 година;
3. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2025 година;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година;
6. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;
7. Предлог - Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба, за набавка и вградување на сончеви термални колектори;
8. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финасиските средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на велосипеди;

9. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата;
10. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци;
11. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди;
12. Предлог - Одлука за изменување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на печки на пелети;
13. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за реконструкција на кров во станбените згради и куќи на индивидуални домаќинства во социјален ризик на подрачјето на Општина Гази Баба; и
14. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**